Програмата е финансиски поддржана со вкупен износ од 13.060.000,00 денари. Овие средства се распределени за спроведување на сите горенаведени активности, со цел да се подобри квалитетот на животот во општината и да се обезбеди поефикасно функционирање на локалната самоуправа.

## Ф1- УРБАНИСТИЧКОПЛАНИРАЊЕ

Оваа програма опфаќа планирање и реализација на тековно-оперативните расходи кои се однесуваат на урбанистичко планирање, како и активности за уредување на просторот во општината. Главната цел на програмата е да обезбеди систематски пристап кон планирањето и развојот на урбаните и руралните подрачја преку подготовка и донесување на стратешки документи.

Во рамките на оваа програма се планираат и извршуваат следниве активности:

1. **Изработка и донесување на годишна програма за урбанистичко планирање:**
   Ова вклучува дефинирање на приоритетите и активностите за изработка и ревизија на различни видови урбанистички планови.

2. **Подготовка на Генерален урбанистички план (ГУП):**
   Генералниот урбанистички план е основен стратешки документ кој ги дефинира долгорочните насоки за урбаниот развој на општината, вклучително просторната организација, инфраструктурните мрежи и користењето на земјиштето.
3. **Изработка на Детален урбанистички план (ДУП):**
   Деталниот урбанистички план обезбедува конкретно решение за организирање на одделни делови од општината, со дефинирање на градежни парцели, сообраќајни решенија и јавни површини.
4. **Изработка на Урбанистички план за село:**
   Овој вид план се подготвува за подобрување на просторната организација и условите за живот во руралните подрачја.
5. **Изработка на Урбанистички план вон населено место:**
   Овие планови се насочени кон уредување на просторот во подрачја кои не се опфатени со постојните урбани и рурални зони, како што се индустриски зони, рекреативни подрачја и слично.

За реализација на програмата, во буџетот на општината се предвидени средства во износ од 4.354.000,00 денари. Овие средства ќе бидат искористени за поддршка на функциите и активностите поврзани со урбанистичкото планирање и уредување на просторот, со цел да се обезбеди одржлив и балансиран развој на општината.

### ФА - Капитални расходи за уредување на градежно земјиште

Оваа програма има за цел да обезбеди планирање и реализација на капиталните расходи кои произлегуваат од уредувањето на градежното земјиште, со посебен акцент на подготовката на проектна документација и следење на градежните активности преку соодветен надзор. Програмата е насочена кон обезбедување на квалитетни и долгорочни решенија за инфраструктурниот и урбаниот развој на општината.
Во рамките на програмата се вклучени следниве активности:

1. **Подготвување на проекти:**
   Оваа активност опфаќа изработка на проекти за уредување и користење на градежното земјиште, вклучително изработка на детални проекти за изградба на улици, патишта, водоводни и канализациски системи, како и други инфраструктурни објекти. Овие проекти служат како основа за реализација на градежните активности, осигурувајќи ги сите потребни стандарди и регулативи.
2. **Надзор над изградбата:**
   Во рамките на оваа активност се обезбедува стручен и технички надзор над изведбата на градежните проекти. Надзорот има за цел да гарантира дека изградбата се спроведува согласно проектната документација, техничките спецификации и сите релевантни законски прописи. Оваа компонента е од суштинско значење за осигурување на квалитетот, безбедноста и ефикасноста на изведените работи.

Финансирањето на оваа програма е обезбедено во вкупен износ од 2.600.000,00 денари. Овие средства ќе бидат искористени за реализација на сите горенаведени активности, кои ќе придонесат за подобрување на условите за урбанистички и инфраструктурен развој во општината.

### ФДО - Капитални расходи за уредување на простор во рурални подрачја

Програмата за капитални инвестиции е посветена на уредување на јавни простори во рурални средини, подобрувајќи ги условите за живот и користење.
Расходиве во оваа програма се наменети за село Бистренци, каде ќе се изврши партерно уредување околу училиштето, со нови пешачки патеки, клупи и осветлување.
Во дворот на градинката, ќе се демонтира старата ограда и ќе се постави нова. Влезната партија

ќе биде реконструирана, а позади градинката ќе се изгради ново, безбедно детско игралиште со мека подлога. Постоечкото спортско игралиште ќе се обнови со нова подна облога, санација на головите и кошевите и поставување висока ограда. Околу него ќе се изгради пешачка патека, а ќе се постават и гледалишта. На плоштадот во општина Демир Капија е планирана изградба н декоративна фонтана, која ќе го збогати централниот дел на општината.
Овие активности ќе обезбедат безбедни и функционални простори, подобрувајќи го квалитетот на живот на локалното население.

## Г1 Поддршка на локалниот економски развој

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи наменети за финансирање на активности со цел обезбедување на поддршка на локалниот економски развој и тоа.
Расходите од оваа потпрограма се наменети за партиципација на општината во проекти односно партиципација за проекти на општината во Центарот за развој на Вардарски плански регион. Во оваа програма се планирани средства во износ од 820.000,00 денари.

## Г2 Поттикнување на развојот на туризмот

Во оваа програма расходите се наменети за финансирање на активности со цел поддршка на туризмот во општината. Во оваа програма се планирани средства во износ од 800.000,00 денари

## ГА Изградба на објекти

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се однесуваат на планирање и изградба на комерцијални и други инфраструктурни објекти. Средтвата планирани во оваа програма на износ од 4.000.000,00 де планирани за изградба на автобуска станица.

## Ј0 Одржување на урбана опрема

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи наменети за одржување на постојната урбана опрема во центалното подрачје и парковите во општината. Средствата наменети за оваа програма се на износ од 100.000,00.

## Ј3 Јавно осветлување

Оваа програма има за цел планирање и покривање на тековно-оперативните расходи кои се однесуваат на јавното улично осветлување во општината. Програмата е фокусирана на обезбедување на континуирано функционирање, одржување и подобрување на системите за јавно осветлување, со што се придонесува за зголемување на безбедноста, комфорот и квалитетот на животот на граѓаните.
Во рамките на оваа програма се опфатени следниве активности:

1. **Покривање на трошоците за потрошена електрична енергија:**
   Средствата ќе бидат искористени за плаќање на сметките за електрична енергија што ја користат системите за јавно осветлување. Ова вклучува уличното осветлување во урбаните, руралните и другите јавни простори.
2. **Одржување на системите за јавно осветлување:**
   Во оваа категорија се вклучени активности како замена на сијалици, поправка на дефекти, одржување на електричните инсталации и редовно сервисирање на опремата. Целта е да се обезбеди континуирано и непречено функционирање на системите за јавно осветлување.
3. **Функционирање на системите за јавно осветлување:**
   Ова подразбира организирање и управување со системите за јавно осветлување, со цел тие да функционираат ефикасно и економично.

Финансирањето на оваа програма е планирано во вкупен износ од 4.300.000,00 денари, кои ќе бидат наменети за покривање на сите горенаведени активности.
Програмата претставува клучен елемент за подобрување на јавните услуги во општината, зголемување на безбедноста во ноќните часови и создавање на попријатна и пофункционална средина за граѓаните и посетителите.

## Ј4 Јавна чистота

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на јавната чистота во општината, односно собирање и транспортирање на комунален отпад. Износот на средства за финансирање на оваа програма е на износ од 1.500.000,00 денари.

## Ј6 Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со:
- Активности за редовно одржување на коловозот и патот;
- Чистење на коловозот, уредување на банкини, заштита на косини, насипи, усеци изасеци, чистење и уредување на одводите на патот, сливници, поправка на потпорни и обложни ѕидови, тунели и други објекти на патот;
- Одржување на прегледност на патишта;
- Чистење на снег и мраз на коловозот, посипување на коловозот со сол или други абразивни средстваи
- Чистење, замена и поправка на хоризонтална и вертикална сигнализација на патот, на огради и заштитна мрежа на патот и на друга опрема на патот.
  Предвидени средства во буџетот за 2025 година за финансирање на оваа програма се на износ од 500.000,00 денари.

## Ј7 Одржување и користење на паркови и зеленило

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на постојните паркови и обновување на зеленилото во општината. Висината на планираниот износ на расходи поврзани со програмата е 2.000.000,00 денари.

## Ј8 Други комунални услуги

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи за дезинсекција, дератизација, ерадикација, отстранување на хаварисани возила и други расходи, заштита на реките и водите, како и општинското учество за годишно функционирање на регионалниот стационар. Предвидени средства во буџетот за 2025 година за финансирање на оваа програма се на износ од 2.100.000,00 денари.

## ЈА Изградба на јавно осветлување

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со набавка, реконструкција и поставување на нови системи за јавно осветлување. Планираните расходи за оваа програма се во висина од 8.000.000,00 и се однесуваат за изградба на ново улично осветлување на следните улици: ул. 11-ти Октомври, ул. Партизанска, ул. Илинденска и ул. Гоце Делчев.

## ЈД Изградба и реконструкција на локални патишта и улици

Оваа програма се фокусира на капиталните инвестиции во инфраструктурата на општината, со посебен акцент на изградба и реконструкција на локални патишта и улици. Главната цел е да се подобри сообраќајната инфраструктура, да се зголеми безбедноста на учесниците во сообраќајот и да се обезбеди побрз и поефикасен пристап до различни делови од општината.

Во рамките на оваа програма се планирани следниве активности:

- Реконструкција на крак на улица Радњанска;
- Реконструкција на дел од локален пат Корешница-Челевец;
- Реконструкција на дел од обиколница (пешачки патеки);
- Реконструкција на ул. 8-ми Март и нејзино поврзување со ул. Обиколница;
- Реконструкција на крак од ул. Маршал Тито;
- Реконструкција на улица Димитар Влахов;
- Реконструкција на улица Борис Кидрич;
- Реконструкција на улица 4-ти Јули.

За реализација на сите горенаведени проекти, во буџетот на општината се предвидени средства во износ од 16.000.000,00 денари**.** Оваа програма е клучна за модернизација на патната инфраструктура во општината, овозможувајќи побрз, побезбеден и поефикасен сообраќај. Со спроведувањето на планираните активности ќе се придонесе за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и ќе се зголеми економската и социјалната поврзаност во општината.

**ЈФ Изградба на сообраќајна сигнализација**

Оваа програма е наменета за капитални инвестиции во подобрување на безбедноста и функционалноста на локалните патишта и улици преку поставување и заменување на сообраќајни знаци и заштитна опрема. Главната цел на програмата е да се обезбеди поефикасно регулирање на сообраќајот, зголемување на безбедноста за сите учесници и подобрување на целокупната сообраќајна инфраструктура.

Во рамките на програмата се планирани следниве активности:

1. **Поставување и заменување на сообраќајни знаци:**
   Оваа активност опфаќа поставување на нови сообраќајни знаци на места каде што е неопходно, како и замена на старите, оштетени или нефункционални знаци.
2. **Поставување на заштитна опрема:**
   Вклучува инсталирање на заштитни бариери, рефлектирачки ознаки и други елементи кои придонесуваат за зголемување на безбедноста на патиштата и улиците.
3. **Подигање на вертикална сигнализација:**
   Поставување на соодветни знаци за насочување, предупредување и информирање на учесниците во сообраќајот, со цел да се подобри регулацијата и ориентацијата на возачите и пешаците.
4. **Подигање на хоризонтална сигнализација:**
   Обележување на патиштата и улиците со линии за сообраќајна регулација, пешачки премини, стрелки и други ознаки кои помагаат во управувањето со сообраќајот.

Средствата планирани за реализација на оваа програма во 2025 година изнесуваат **200.000,00 денари**, кои ќе бидат искористени за спроведување на сите наведени активности.

**ЈГ Изградба на системи за водоснабдување**

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на водоснабдителниот систем на територијата на општината и набавка на потребната опрема. Средствата во буџетот на општината во висина од 5.000.000,00 се предвидени за изградба на канализациски ситеми на територијата на општина Демир Капија и околните села.

**ЈИ Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на канализациониот систем на територијата на општината и набавка на потребната опрема. За изградба на прочестителни станици и колектори за населените места во општина Демир Капија се на износ од 2.000.000,00 денари.

**К2 Музичко и сценско - уметничка дејност**

Во оваа програма се планирани и средства наменети за тековно-оперативните трошоци на Домот на културата, кои ќе бидат искористени за одржување и функционирање на институцијата, обезбедување на потребните услови за реализација на културни активности и поддршка на секојдневните активности.

1. **Плати на вработените:**
   Средствата ќе се користат за исплата на плати на вработените во културните установи, како што се Домот на културата, музичките и драмските студија, како и другите задолжени за спроведување на културни активности. Овие плати се обезбедени преку **блок дотации од Министерството за Култура** во вкупен износ од 6.323.097,00 денари**.**
2. **Самофинансирачки активности:**
   За сите други активности што не се покриени со блок дотации, Домот на културата користи средства од самофинансирачки активности. Овие активности вклучуваат организирање на културни настани, изведби, концерти и работилници, од кои се генерираат приходи. За овие трошоци се обезбедени средства од **самофинансирачки активности**, во износ од 960.000,00 денари
3. **Буџетско учество на општината:**
   Општината обезбедува дополнителни средства за поддршка на културните активности и за организацијата на големи културни настани, како што е годишниот фестивал „БЕЗ РАМКА''. Овде се вклучуваат трошоците за струја, вода, греење, одржување на просториите, како и за организирање на редовни активности на институцијата. За овие активности, предвидените средства изнесуваат 400.000,00 денари**.**

**Вкупни средства за програмата:**
Вкупниот износ на средства за тековно-оперативни расходи и културни активности изнесува 7.683.097,00 денари**,** кои вклучуваат комбинирани средства од блок дотации, самофинансирање и буџетско учество на општината.

**КА Капитални расходи во културата**

Оваа програма се фокусира на капиталните расходи поврзани со изградба, доградба и реконструкција на објекти од областа на културата, со посебен акцент на обезбедување на потребната опрема, како и изградба и реконструкција на меморијални споменици и спомен обележја. Проектите во оваа програма имаат за цел да ја подобрат инфраструктурата во културната сфера, да ги зачуваат историските и културните вредности и да овозможат

понатамошно развивање на културниот живот во општината. Средствата предвидени во оваа програма во висина од 4.613.664,00 ќе бидат наменети за исплата на започнатиот проект, односно реконструкција на музејот. Дел од средствата, се обесбедени од Министерството за Култура, односно капитална дотација во висина од 2.932.700,00. Овој проект има за цел да ги подобри условите за изложување на културни и историски експонати, како и да го збогати културниот живот во општината. Реконструкцијата ќе овозможи музејот да стане пофункционален и да понуди подобра и побогата искуства за посетителите.

### Л0-Спорт и рекреација

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со организирање на спортски активности манифестации, поддржување на натпревари на општинско ниво, поддршка на училишниот спорт, поддршка на масовни спортско рекреативни активности на граѓаните и друго. Во оваа програма се планирани средства во висина од 400.000,00 денари.

### ЛА Капитални расходи за спорт и рекреација

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за изградба, доградба и реконструкција на спортски објекти, како и нивно опремување, односно изградба на спортски сали, стадиони и игралишта и определување на рекреативни зони за масовно спортување и друго. Во оваа програма се планирани средства во износ од 2.266.686,00 кои се наменети како општинско учество во реализација на проектот Реконструкција на фудбалско игралиште – II фаза во Демир Капија кој општината го спроведува со Министерството за млади и спорт. Учеството на

## Н1-ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на основните училишта и тоа: плати и надоместоци на вработените во основните училишта, набавка на канцелариски и други материјали, трошоци за телефон, интернет, поштенски услуги, електрична енергија, греење, вода, подигање на смет, тековни поправки и одржување на згради ,канцелариска опрема и возила во сопственост на основните училишта и други расходи.
Училиштето како буџетски корисник на општината подготвува финансиски планови за своето работење. Во основното образование за централното основно училиште и подрачните училишта на подрачјето наопштина Демир Капија се планираат средства од самофинансирачки активности во висина од 976.000,00 денари.
Од блок дотациите се финансираат платите и тековното одржување на училиштата со средства во висина од 49.163.000,00 денари.

### НА Капитални расходи за основно образование

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за изградба, доградба и реконструкција на основни училишта, како и нивно опремување. Овде се планираат расходи за доградба на училишната кантина за спемање на топол оброк на учениците. Расходите се планираат во износ од 2.647.350,00

### Р1 Заштита на животната средина и природа

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со преземање на мерки и активности поврзани со унапредување и заштита на животната средина и природа. Програмата е придвидено да се финансира со средства во висина од 272.000,00 денари.

### Т1 Унапредување на здравствената заштита

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со превземање на мерки и активности за заштита и унапредување на здравјето, животната и работната средина и заштита од заразни болести. Во оваа програма се предвидени средства во износ од 430.000,00 денари планирани да се исплатат од сметката на основниот буџет, врз онсова на Договорот за партнерство за спроведување на заедничкиот проект „Зајакнати - Вклучување на лицата со попреченост, регионална соработка и развој на Западен Балкан“. Договорот беше потпишан помеѓу Општина Демир Капија и Здружението Институт за развој на заедницата – ИРЗ Тетово.
Проектот, кој има за цел подобрување на положбата на лицата со попреченост, ќе се спроведува со поддршка на германската организација Здружение на Самарјански работници (ASB) и е финансиран од Сојузното Министерство за економска соработка и развој на Република Германија, како и од локални партнери. Со овој договор, партнерите се обврзаа за заедничка соработка во текот на спроведувањето на проектот, кој ќе трае до април 2028 година. Во рамките на активностите, ќе се реализираат значајни мерки насочени кон подобрување на пристапноста, развој на социјални услуги, професионална едукација и работна интеграција на лицата со попреченост.

## В1-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на детските градинки и тоа:плати и надоместоци на вработените во градинките, набавка на канцелариски и другматеријал,трошоци за телефон, интернет, поштенски услуги, електрична енергија ,греење, вода, подигањенасмет, тековни поправки и одржување на згради, канцелариска опрема и др.
Детските градинки се корисници на блок дотација од Министерство за Труд, демографија и млади која за 2025 година изнесува 13.356.292,00 денари, наменети се за плати и надоместоци од плати и тековно-оперативни расходи. Планираните средства од Самофинансирачки активности изнесуваат 2.650.000,00 денари и за начинот на користење на истите доставуваат финансиски план до општината. На страна на донации износот од 1.500.000,00 се планираат за реализација на проектот Општинско корисна работа, како и учество на општината во износ од 3.767.488,00 од кои 3.000.000,00 се предвидени за привремени вработувања и регрес за годишен одмор, додека остатокот е општинско учество за надомест за престој во градинка како и трошоци за метаријали за тековно одржување на објектите за детски градинки.

## Њ0-ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со финансирање на тековно оперативните активности на противпожарните единици, учество во финансирање на противпожарна единица која го покрива нејзиното подрачје, финансирање на програмски активности на доброволните противпожарни друштва и нивни здруженија на подрачјето на општината, финансирање на ангажманот и потребите на сезонските пожарникари, доброволните пожарникари и граѓани кои учествуваат во акции за гасење на пожари. Планираниот износ на расходи за оваа програма изнесува 150.000,00 денари.

## Џ1-РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Во оваа програма се планираат тековно–оперативните расход и поврзани со родовата еднаквост. Во Програмата се планираат активности во делот воведување на родовиот пристап во креирање на политики, донесување на одлуки и пристап до ресурсите на општината. Трансферирите кои се предвидуваат за финансирање на оваа програма се на износ од 300.000,00. денари.

*Изготвено од:*
*Сектор за финансиски прашања*

# ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2025 ГОДИНА



# ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

# ЗА 2025 ГОДИНА

# СОДРЖИНА

Зошто граѓански буџет? 3

КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА? 4
ШТО Е ОПШТИНСКИ БУЏЕТ И ОД ШТО СЕ СОСТОИ? 4
КАКО ОПШТИНАТА ГИ ПРИБИРА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ? 5
КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ ИЗВОРИ НА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ? 7
КОЛКУ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ ПЛАНИРА ДА СОБЕРЕ ОПШТИНАТА? 8
ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ - ВАЖЕН СОПСТВЕН ОПШТИНСКИ ПРИХОД 10
НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ 10
КОЈА Е УЛОГАТА НА ТРАНСФЕРИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ -ДОТАЦИИТЕ? 11
КАДЕ И КАКО СЕ ТРОШАТ ОПШТИНСКИТЕ ПАРИ? 12
КОЛКУ ПЛАНИРА ДА ПОТРОШИ ОПШТИНАТА ЗА СЕКОЈА ОДДЕЛНА НАДЛЕЖНОСТ/ПРОГРАМА - УСЛУГА ЗА ГРАЃАНИТЕ ? 14
ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ 18
КАКО СЕ РЕАЛИЗИРА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ? 19
КЛУЧНИ БУЏЕТСКИ ДОКУМЕНТИ - како можат граѓаните да ја следат реализацијата на општинскиот буџет ? 24

# ЗОШТО ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ?

- ✓ Информирање на граѓаните за тоа како се собираат општинските приходи и како се трошат општинските средства.
- ✓ Едукација на граѓаните за клучните термини, принципи и началаповрзани со општинскиот буџет и локалните финансии.
- ✓ Зголемување на свесноста на граѓаните за нивната улога во буџетскиот процес на локално ниво.
- ✓ Поттикнување на поголема активност и учество на граѓаните во процесите на планирање и реализација на општинскиот буџет.
- ✓ Запознавање на граѓаните со донесениот БУЏЕТ ЗА 2024 год. и неговите основни карактеристики - структура – кои се и колкави се општинските приходи и каде општината планира да ги потроши јавнте ресурси.

## КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА?

- -Урбанистичко (урбано и рурално) планирање
- -Заштита на животната средина и природата
- Локален економски развој
- -Комунални дејности
- Култура
- -Спорт и рекреација
- Социјална заштита и заштита на децата
- -Образование
- -Здравствена заштита
- -Заштита и спасување
- -Противпожарна заштита
- -Надзор над вршењето на работи од нејзина надлежност
- Други надлежности определени со закон.

## ШТО Е ОПШТИНСКИ БУЏЕТ И ОД ШТО СЕ СОСТОИ?

**Буџетот на единицата на локалната самоуправа претставува** годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности. Буџетот на локалната самоуправа ги демонстрира вредностите и приоритетите на локалната самоуправа.

Буџетирањето и техниките на финансиското планирање се клучни елементи во одржувањето на фискалниот интегритет на локалната самоуправа.

## Приходи

- Даночни приходи
- Неданочни приходи
- Капитални приходи
- Трансфери и донации
- Задолжување во земјата
- Задолжување во странство

## Расходи

- Плати и надоместоци
- Резерви и недефинирани расходи
- Стоки и услуги
- Камати
- Субвенции и трансфери
- Социјални бенефиции
- Капитални расходи
- Отплата на главнина

## КАКО ОПШТИНАТА ГИ ПРИБИРА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ?

Ефикасното обезбедување и собирање на општинските приходи се основа за обезбедувањето на потребните јавни добра и услуги на граѓаните на општината. Оттука во продолжение се претставени (нивната висина, процент на учество) основниот буџет на општината и дополнителните главни “потоци” на приливи во општинскиот буџет – сопствени приходи, дотации – централна власт, донации, задолжување итн.

БУЏЕТ НА ОПШТИНИТЕ е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности. Додека ОСНОВЕН БУЏЕТ на општината е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства со буџетот за финансирање на основните надлежности на општината. ДОТАЦИЈА преставува трансфер од Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на фондовите до буџетот на општината. Донација се строго наменски средства од донатори врз основа на склучен договор. Самофинансирачки активности се годишни приходи на буџетските корисници кои се дополнителни на нивните основни законски активности.

### Табела 1. Приходи на општината (во денари и структура во %)

**Табела 1. Приходи на општината по сметки (во денари и структура)**

| Приходна сметка | Износ | Структура на приходи % |
|---|---|---|
| Основен буџет наопштините | 133.301.188,00 | 64,02 |
| Донации | 1.500.000,00 | 0,72 |
| Кредити | - | - |
| Самофинансирачкиактивности | 4.586.000,00 | 2,20 |
| Дотации | 68.842.389,00 | 33,06 |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | 208.229.577,00 | 100,00 |

**Графикон 1. Структура на општинските приходи по видови сметки (во %)**







## КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ ИЗВОРИ НА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ?

ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ во буџетот се даноците и други задолжителни плаќања, кои се утврдени со закон, приливите што произлегува од сопственост на средства (камата, дивиденда, закупнина и слично),

надомест за дадени добра или услуги, подароци, донации, спонзорства, субвенции и трансфери. Од посебна важност се СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ на општината кои вклучуваат локални даноци, локални такси и локални надоместоци, приходи од сопственост на општината, самопридонес, парични казни, донации и други приходи утврдени со закон.

Во продолжение се прикажани клучните извори на приходи кои општината планира да ги обезбеди во 2025 година. Највисок износ на приходи ќе се обезбедат од сопствени извори на приходи на општината во износ од 133.301.188,00 денари додека исто така соодветен износ на приходи ќе се обезбедат и од дотации за делегираните надлежности на општината во делот на образование, социјалната заштита и култура на износ од 68.842.389,00 денари. Во структурата на клучните приходи најголемо учество заземаат Трансферите и донациите на износ од 127.541.285,00 со 61,25%, даночните приходи учествуваат со 20,59%, неданочните приходи со 3,27% додека учеството на капиталните приходи е со 14,89%.

### Табела 2. Клучни приходи на општината согласно економската класификација (износ во денари и структура во %)

| **Табела 2. Приходи на општината според економската класификација на приходите** | | |
|---|---|---|
| **Видови на приход** | **Износ** | **Учество во вкупните приходи %** |
| **Даночни приходи** | 42.872.292,00 | 20,59 |
| **Неданочни приходи** | 6.806.000,00 | 3,27 |
| **Капитални приходи** | 31.010.000,00 | 14,89 |
| **Трансфери и донации** | 127.541.285,00 | 61,25 |
| **Домашно задолжување** | - | - |
| **Вкупно** | 208.229.577,00 | 100,00 |

Графикон 2. Структура на приходи на општина според економската класификација (во%)




## КОЛКУ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ ПЛАНИРА ДА СОБЕРЕ ОПШТИНАТА?

Даночните приходи се основен и најзначаен дел од сопствените приходи на општината, оттука во продолжение Ви претставуваме колкави износи на даночни приходи планира да собере општината во следната година. Исто така е претставена структурата која покажува кои даночни приходи е планирано да имаат најголем удел во општинските приходи.

Табела 3. Клучни даночни приходи на општината (износ во денари и структура во %)

| **Табела 3. Даночни приходи** | | |
|---|---|---|
| **Видови даночни приходи** | **Износ** | **Учество во даночните приходи %** |
| Надоместок за уредување на градежно земјиште | 27.149.292,00 | 67,19 |
| Комунална такса за користење и одржување на јавно осветление | 5.000.000,00 | 12,37 |
| Данок на промет на недвижности | 3.000.000,00 | 7,42 |
| Данок на имот од физички лица | 1.500.000,00 | 3,71 |

| | | |
|---|---|---|
| Данок на имот од правни лица | 1.200.000,00 | 2,97 |
| Персонален данок на доход | 2.060.000,00 | 5,10 |
| Данок на наследство и подарок | 500.000,00 | 1,24 |
| Вкупно | 40.409.292,00 | 100,00 |

Најмногу **даночни приходи** општината планира да обезбеди од Надоместок за уредување на градежно земјиште, додека најмало учество во даночните приходи има данокот на наследство и подарок.

**Графикон 3. Даночни приходи на општина Демир Капија (во денари)**




## ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ -ВАЖЕН СОПСТВЕН ОПШТИНСКИ ПРИХОД

Даноците на имот се еден од најважните сопствени извори на приходи на општината. Планираната структура за 2025 година на посебните видови на Даноци на имот е прикажана во продолжение.

Највисока пропорција на приходи зафаќа данокот на промет на недвижности и права со 48,39% учество во вкупната вредност од даноците на имот.

**Графикон 4. Структура на даноците на имот во вкупните приходи по основ данок на имот на општина Демир Капија по видови (во %)**

Графикон 4. Видови даноци на имот на општина




| Табела Д.1. Видови даноци на имот на општина | | |
|---|---|---|
| **Видови на данок на имот** | **Износ** | **Учество на видови данок на имот во вкупните приходи од данок на имот во %** |
| Данок на имот | 2.700.000,00 | 43,55 |
| Данок на наследство и подарок | 500.000,00 | 8,06 |
| Данок на промет на недвижности и права | 3.000.000,00 | 48,39 |
| Вкупно | 6.200.000,00 | 100,00 |

## НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ

Неданочните приходи кои планира да ги собере општината во 2025 година се прикажани во продолжение. Најголем износ на неданочни приходи треба да бидат обезбедени од такси и надоместоци со 58.57%, додека најниска пропорција се очекува кај приходите од закупнина на општински имот со 0.88%.

### Табела 4. Видови неданочни приходи (износ во денари и структура во %)

| Табела 4. Видови неданочни приходи | | |
|---|---|---|
| **Вид на неданочни приходи** | **Износ** | **Учество во вкупните неданочни приходи %** |
| **Глоби, судски и административни такси** | 210.000,00 | 3,09 |
| **Такси и надоместоци** | 3.986.000,00 | 58,57 |
| **Приходи од закупнина на општински имот** | 60.000,00 | 0,88 |
| **Други владини услуги** | - | - |
| **Дополнителни неданочни приходи** | 2.550.000,00 | 37,47 |
| **Вкупно** | 6.806.000,00 | 100,00 |

Графикон 5. Видови неданочни приходи (структура во %)




## КОЈА Е УЛОГАТА НА ТРАНСФЕРИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ -ДОТАЦИИТЕ?

Вредноста на главните видови на трансфери од централната власт е прикажана во продолжение. Највисок износ на трансфери е планиран за Блок дотации во износ од 61.105.010,00 додека пак, планираниот износ од трансферот од ДДВ изнесува 20.302.258, за капитални трансфери 1.743.376,00денари.

Графикон 6. Видови на трансфери и донации (во денари)




**Блок дотациите** за пренесени надлежности од централната власт се најзначајниот износ на трансфери кој го добива општината и со кој во значаен дел се финансираат пренесените надлежности за **образование**, **култура** и **социјална заштита**. Во продолжение е прикажана распределбата на овие Блок дотации по различни намени. **Најголем износ од блок дотациите** се однесуваат за основно образование и учествуваат во структурата со 71,41%, додека најнизок износ на блок дотации се забележуваат за култура во износ од 6.323.097,00 со учество од 9,18% во вкупните блок дотации.

### Табела 5. Намена на блок дотациите на општина по одделни надлежности (износ во денари и структура во %)

| Табела 5. Намена на блок дотациите на општината | | |
|---|---|---|
| **Намена на блок дотацијата** | **Износ** | **Учество во вкупните трансфери од централна власт (во %)** |
| **Култура** | 6.323.097,00 | 9,18 |
| **Основно образование** | 49.163.000,00 | 71,41 |
| **Средно образование** | - | - |
| **Детски градинки** | 13.356.292,00 | 19,40 |
| **Домови за стари лица** | - | - |
| **Вкупно** | 68.842.389,00 | 100,00 |

### Графикон 8. Структура на блок дотациите по надлежности во општина Демир Капија (во%)




## КАДЕ И КАКО СЕ ТРОШАТ ОПШТИНСКИТЕ ПАРИ?

Особено е важно каде и како се трошат локалните ресурси. Локалните расходи се директно поврзани со обезбедувањето на потребните добра и услуги на граѓаните – затоа нивната структура и начин на распределба е особено важно да бидат транспарентно преставени. Во продолжение се преставени **клучните расходи на општината за 2025 година**.

Во наредниот период најголем износ на расходи ќе се потрошат за тековно оперативни расходи во износ од 141.941.877,00 ден., односно 68,17% од структурата на вкупните расходи како и расходната ставка за плати и надоместоци опфаќа 40,26% од вкупниот консолидиран буџет на општината.

Најнизок износ на расходи општината издвојува за каматни плаќања, со 0,048% учество во вкупните расходи на општина Демир Капија.

Во 2025 година капиталните расходи е предвидено да изнесуваат 66.287.700,00 денари, односно да учествуваат со 31,83% во структурата на вкупните расходи. Најголем дел од капиталните расходи се планирани за реализирање на следните проекти:

- Изградба на улично осветлување на улица ,,11-ти Октомври'', ,,Партизанска'', ,,Илинденска'' и улица ,,Гоце Делчев''
- Изградба на атмосферска канализација на улица Маршал Тито во Демир Капија;
- Реконструкција на фудбалско игралиште во Демир Капија (II фаза);
- Доградба на кујна и ресторан за исхрана во склоп на ООУ Димче Ангелов Габерот во Демир Капија (III завршна фаза);
- Реконструкција на дел од Обиколница (изградба на тротоари) – општина Демир Капија;
- Уредување на спортски терени - игралиште за тенис во Демир Капија;
- Реконструкција на улица ,,Радњанска 2'' во Демир Капија;
- Реконструкција на улица ,,8-ми Март'' во Демир Капија;
- Подобрување на водоснабдувањето во селата Корешница и Прждево;
- Поствување на комунална опрема за автобуска станица во Општина Демир Капија;
- Реконструкција на локален пат с.Корешница- с.Челевец.

**Графикон 9. Структура на расходи на општина Демир Капија по економска класификација (во %)**




## КОЛКУ ПЛАНИРА ДА ПОТРОШИ ОПШТИНАТА ЗА СЕКОЈА ОДДЕЛНА НАДЛЕЖНОСТ/ПРОГРАМА - УСЛУГА ЗА ГРАЃАНИТЕ ?

Во продолжение се претставени клучните планирани наменина општинските средства по секоја од надлежностите – услугите кои треба да ги добијат граѓаните.

Највисок износ на расходите од општинската сметка за издвојува за образование во износ од 52.786.350,00 , додека најнизок износ е издвоено за противпожарна заштита и родова еднаквост.

**Табела 6. Вкупни расходи на општина Демир Капија по одделни надлежности (во денари и структура во %)**

| Табела 6. Вкупни расходи на општина по одделни надлежности | | |
|---|---|---|
| **Вкупни расходи на општините по одделни надлежности** | **Износ** | **Учество во вкупните** |

| | | **расходи (во %)** |
|---|---|---|
| **А – Совет на општина** | 10.510.000,00 | 5,05 |
| **Д - Градоначалник** | 3.575.000,00 | 1,72 |
| **Е – Општинска администрација** | 43.495.000,00 | 20,89 |
| **Ф – Урбано планирање** | 13.154.000,00 | 6,32 |
| **Г – Локален економски развој** | 5.620.000,00 | 2,70 |
| **Ј – Комунални дејности** | 41.700.000,00 | 20,03 |
| **К - Култура** | 12.296.761,00 | 5,91 |
| **Л - Спорт и рекреација** | 2.666.686,00 | 1,28 |
| **М - Програми за развој** | - | - |
| **Н - Образование** | 52.786.350,00 | 25,35 |
| **Р - Заштита на животна средина** | 272.000,00 | 0,13 |
| **Т - Унапредување на здравствена заштита** | 430.000,00 | 0,21 |
| **В - Социјална заштита и заштита на деца** | 21.273.780,00 | 10,22 |
| **Ќ – Противпожарна заштита** | 150.000,00 | 0,07 |
| **Љ- Заштита и спасување** | - | - |
| **Џ - Родова еднаквост** | 300.000,00 | 0,14 |
| **Вкупно:** | 208.229.577,00 | 100,00 |







**Расходите** кои се одделуваат за **општинската администрација** се во износ од 43.495.000,00 и истите се наменети за плати и надоместоци на вработените во општинската администрација, комунални услуги, канцелариски материјали,

тековно одржување,, трансфери, капитални трошоци (пр.купување на канцелариски мебел, опрема,машини, компјутерски софтвер и сл.).

### Табела 7. Расходи по програми по надлежност - Општинска администрација (во денари и структура во %)

| Табела 7. Расходи по програми на надлежност - Општинска администрација | | |
|---|---|---|
| **Општинска администрација** | **Износ** | **Учество во вкупните расходи од оваа надлежност (во %)** |
| **ЕО – Општинска администрација** | 30.435.000,00 | 69,97 |
| **ЕА - Капитални трошоци на општината** | 13.060.000,00 | 30,03 |
| **Вкупно** | 43.495.000,00 | 100,00 |

Вкупните расходи кои се наменети за работата на **Градоначалникот** изнесуваат 3.575.000,00 денари и истите во себе вклучуваат плати и надоместоци на градоначалникот, тековна резерва на градоначалник,трансфери, трошоци за месна самоуправа и др.

Во расходите за програмите по надлежност на **урбанизам и урбанистичко планирање** највисок износ се издвојува за уредување на градежно земјиште – капитални расходи каде што се издвоени 13.154.000,00 денари, за изработка на урбнанистичко планска и проектна документација и надзор над изградбата.

### Табела 8. Расходи по програми по надлежност - Урбанизам/урбанистичко планирање (износ во денари и структура во %)

| Табела 8. Расходи по програми по надлежност - Урбанистичко планирање | | |
|---|---|---|
| **Урбанистичкопланирање** | **Износ** | **Учество во вкупните расходи од оваа надлежност** |
| Ф1 - Урбанстичко планирање | 4.354.000,00 | 33,10 |
| Ф2 - Уредување на градежно земјиште | | - |
| ФД- Уредување на простор во рурални подрачја (капитални расходи) | 6.200.000,00 | 47,13 |
| ФА - Уредување на градежно земјиште (капитални расходи) | 2.600.000,00 | 19,77 |
| Вкупно | 13.154.000,00 | 100,00 |



Графикон Д.8. Расходи по програми по надлежност - Урбанистичко планирање

Расходите издвоени за **комунални услуги** во износ од 41.700.000,00 денари, имаат за цел да ги помогнат активностите како: одржување на урбана опрема, снабдување со вода, одведување и пречистување на отпадни води, одржување јавна чистота и јавно зеленило. Средствата предвидени во програмата **ЈА-Изградба на јавно осветлување** се предвидени за реализација на проектот: Изградба на ново јавно осветлување на улица „11-ти Октомври'', „Партизанска'', „Илинденска'' и улица „Гоце Делчев''. Расходите предвидени во програмата ЈД на износ од 16.000.000,00 денари се однесуваат за реализацијата на проектот Реконструкција на локален пат с.Корешница-с.Челевец, како и реконструкција на локални улици и патишта.

## Табела 9. Расходи по програми по надлежност - Комунални дејности (износ во денари и структура во %)

| **Табела 9. Расходи по програми по надлежност - Комунални услуги** | | |
|---|---|---|
| **Комунални услуги** | **Износ** | **Учество во вкупните расходи од оваа надлежност (во %)** |
| ЈО-Одржување на урбана опрема | 100.000,00 | 0,24 |
| Ј1-Снабдување со вода | - | 0,00 |
| Ј2-Одведување и пречистување на отпадни води | - | 0,00 |
| Ј3-Јавно осветлување | 4.300.000,00 | 10,31 |
| Ј4-Јавна чистота | 1.500.000,00 | 3,60 |
| Ј6-Одржување и заштита на локалните патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот | 500.000,00 | 1,20 |

| | | |
|---|---|---|
| Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило | 2.000.000,00 | 4,80 |
| Ј8-Други комунални услуги | 2.100.000,00 | 5,04 |
| ЈА-Изградба на јавно осветлување | 8.000.000,00 | 19,18 |
| ЈД-Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 16.000.000,00 | 38,37 |
| ЈЕ-Изградба на простори за паркирање | - | 0,00 |
| ЈФ-Изградба на сообраќајна сигнализација | 200.000,00 | 0,48 |
| ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување | 5.000.000,00 | 11,99 |
| ЈИ-Изградба на систем за одведување, прочистување на отпадни води | 2.000.000,00 | 4,80 |
| ЈК-Капитални расходи за јавна чистота | - | 0,00 |
| ЈМ-Паркови и зеленило | - | 0,00 |
| ЈН-Урбана опрема | - | 0,00 |
| Вкупно | 41.700.000,00 | 100,00 |

Во програмите за **локален економски развој** преовладуваат издатоци кофинансирање во проекти во Центарот за развој на вардарски плански регион во износ од 1.930.000,00 како и средства во висина од 538.742,00 за менаџирање на проектите. Во овој износ е предвидено финансиското учество на општината за набавка на специјализирано возило за одржување на хигиена на јавни површини.

**Средствата** предвидени во програмата ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување се предвидени во сограсност со ПРОМГРАМИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА 2024-2026 ГОДИНА, односно предвидени се средства и за продолжување и надградба на канализационата мрежа и колекторскиот систем за одведување и пречистување на отпадните води во општината.

**Табела Д.6. Расходи по програми по надлежност - Локален економски развој**

| Локален економски развој | Вредност (во ден.) | Учество на расходите (во%) |
|---|---|---|
| Г1-Подршка за ЛЕР | 820.000,00 | 15 |
| ГА-Изградба на комерцијални објекти | 4.000.000,00 | 71 |
| Г2 - Потикнување на развојот на туризамот | 800.000,00 | 14 |
| Вкупно | 5.620.000,00 | 100 |

Расходите за **спорт и рекреација** се во насока на издвојување средства за спортските клубови во износ од 400.000,00 денари како и учеството на општината во проектот „Реконструкција на фудбалско игралиште'' во висина од 2.266.686,00 денари.




## ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ

Во 2025 година приходите по глава на жител во општина Демир Капија ќе изнесуваат 55.130.94 денари, што претставува зголемување од 5.88% во однос на нивниот износ во 2024 година каде што проектираните приходи по глава на жител изнесуваа 52.068,63 денари. Сопствените приходи по глава на жител ќе изнесуваат 35.292,87




## КАКО СЕ РЕАЛИЗИРА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ?

Реализацијата на општинскиот буџет е значаен индикатор кој покажува како се остваруваат планираните приходи и расходи во текот на одреден период. Исто така, дава јасна слика за очекуваните трендови во иднина.

Во продолжение е прикажана реализацијата на основниот (сопствениот) буџет и вкупниот буџет на општината, како на страната на приходите, така и на страната на расходите.

**Реализација на сопствените приходи (2020–2023)**

